# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО
## Службен гласник бр. 19/2020
## 27.11.2020 година


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за користење на средства од постојаната и тековна резерва од Буџетот на општина Неготино**

Се објавува **Одлука за користење на средства од постојаната и тековна резерва од Буџетот на општина Неготино ,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 26.11.2020 година.

Бр.09-604/1
27.11.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 31 став 3 од Законот за финансирање на Единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на РМ ” бр. 61/04, ... 209/18 , Службен весник на РСМ бр. 244/19 ) член 36, став 10 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и Барањето за донација бр.08 од 18.11.2020 поднесено од страна на ЈЗУ „ Здравствен дом “ Неготино, Советот на Општина Неготино на ден 26.11. 2020 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**За користење на средства од постојаната и тековна резерва од Буџетот на општина Неготино**

**Член 1**

Со оваа одлука се дозволува користење на средства од постојаната и тековна резерва од Буџетот на општина Неготино за 2020 година.

Средства од постојата и тековната резерва ќе бидат во износ од **100.000,00** денари.

**Член 2**

Средствата од постојаната и тековната резерва од чл.1 од Одлуката се користат за давање на донација на ЈЗУ „ Здравствен дом “ Неготино за опремување на КОВИД одделението.

Средствата се наменски и можат да се користат само за набавка на опрема и потребни средства поврзани со лекување на пациенти во КОВИД одделението.

**Член 3**

По извршената набавка корисникот на донацијата ЈЗУ „ Здравствен дом “ Неготино е должна до Советот на општина Неготино да достави извештај за потрошените средства со докази за реализација на набавките.

Извештајот да се достави најдоцна до 25.12.2020 година.

**Член 4**

Се обвзуваат Општина Неготино  и ЈЗУ „ Здравствен дом “ Неготино да склучат договор за донација во рок од 8 дена од денот на стапување на сила на Одлуката.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „ Службен гласник на Општина Неготино “.

бр.08-599/3
26.11.2020  година

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за доделување на финансиски средства**

Се објавува **Одлука за доделување на финансиски средства ,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 26.11.2020 година.

Бр.09-604/2
27.11.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („Сл.весник на РМ" бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 13/20), Советот на општина Неготино на седницата одржана на 26.11.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За доделување на финансиски средства**

**Член 1**

Се доделуваат финансиски средства во висина од

1. **10.000,оо** денари на Здружението за унапредување на спортски и културни манифестации **СПО-КУЛ** Неготино.

Средствата се наменски и можат да се користат само за реализација на проект „ ХУМАНО НЕГОТИНО " , односно за набавка на средства (согласно приложена спецификација кон барање), за донација во ЈЗУ „ Здравствен дом " Неготино.

**Член 2**

По извршената набавка на средства за потребите на ЈЗУ „ Здравствен дом " Неготино, се задолжува Здружението **СПО-КУЛ** Неготино до Советот на општина Неготино да достави извештај за потрошените средства со докази за реализација на набавките.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Неготино “.

бр.08-599/4
26.11.2020 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов с.р.**